*Македонка РАДУЛОВИЌ*
*Мила СТОЈЧЕВСКА*

***УДК: 316.362:316.422***
Прегледен труд

# ИНДУСТРИЈАЛИЗАЦИЈАТА И ПРОМЕНИТЕ НА СЕМЕЈСТВА

***Кратка содржина:***

*Низ историјата, семејствата доживеале значителни значајни промени. Од прединдустриската ера до денес, семејните структури еволуирале поради индустријализацијата, технолошкиот напредок и менувањето на општествените вредности. Во прединдустрискиот период, семејствата се фокусирале на пренесување основни вештини на децата, при што жените првенствено раководеле со домашните работи, а мажите преземале авторитативни улоги. Сепак, индустријализацијата довела до многу промени во семејствата и начинот на живот: членовите на семејството се приклучиле на работната сила, жените добиле поголема важност во јавниот живот и традиционалните родови улоги се промениле. Појавата на капитализмот ја менува економската динамика нагласувајќи го индивидуализмот. Технолошкиот напредок дополнително го трансформира општеството, влијаејќи на медицината, комуникацијата и на секојдневниот живот. Денес, браковите значајно се намалуваат, бројот на разводи се зголемува, а стапките на фертилитет се сè пониски. Исто така, се одложува бракот и раѓањето. Овој труд има за цел да направи преглед на карактеристиките и на начинот на живот на семејствата пред индустријализацијата и да ги анализира влијанието и промените на семејствата предизвикани од ефектите на индустријализацијата.*

**Клучни зборови:** *семејство, индустријализација, семејна структура, брак, развод, фертилитет.*

**Вовед**

Семејството, како основна општествена група, има фундаментално значење и служи како примарен контекст за социјализација во општеството. Со текот на времето, семејната единица доживеа бројни промени во својата структура, вредности, начин на живот, секојдневни рутини, верувања и култура. На глобално ниво, семејствата претрпеа значителни трансформации и транзиции во секој аспект од нивното функционирање, во голема мера под влијание на процесите на индустријализацијата во општествата.

Индустријализацијата, која започна во средината на 18 век, претставува една од најважните и најголемите социоекономски промени во историјата на човештвото, која продолжува да ги обликува општествата до денденес. Овој трансформативен период, обележан со транзицијата од аграрните економии кон индустриското производство, имаше длабоки ефекти врз различни аспекти на општеството. Меѓу најзначајните од овие ефекти се промените во семејните структури, улоги и динамика. Како што напредуваше индустријализацијата, таа не само што го револуционизираше економскиот пејзаж, туку и поттикна каскада од општествени промени што ја редефинираа самата структура на семејниот живот.

Доаѓањето на индустријализацијата донесе значителни економски можности и предизвици. Преминот од рурални, земјоделски средства за живот кон урбани, фабрички вработувања ги смени традиционалните семејни улоги и односи. Мажите, жените, па дури и децата се најдоа како дел од работната сила, често под исцрпувачки услови и долги часови. Оваа промена имаше домино ефект врз семејниот живот, влијаејќи на сè, од структурата на домаќинството и родовите улоги до стиловите на родителство и меѓугенерациските односи.

Урбанизацијата, директна последица на индустријализацијата, доведе до миграција на семејствата од руралните области во индустриските градови кои се во подем. Оваа миграција често резултираше со распаѓање на мрежите на поширокото семејство и појава на нуклеарни семејства како доминантна семејна структура. Просторното одвојување од пошироките роднини поттикна ново ниво на независност, но исто така воведе предизвици поврзани со системите за поддршка и со практиките за воспитување деца.

Покрај тоа, индустријализацијата донесе промени во родовите улоги во семејството. Побарувачката за работна сила во фабриките забележа зголемен број жени кои влегуваат во работната сила, предизвикувајќи го традиционалниот поим за жените како првенствено домаќинки. Ова економско учество на жените почна да ги редефинира нивните улоги во домаќинството и општеството во целина, придонесувајќи за раните корени на движењата за родова еднаквост.Сепак, индустријализацијата ги наруши овие норми. Членовите на семејството се приклучија на работната сила, а

жените се здобија со важност надвор од домот. Традиционалните родови улоги се сменија, а љубовта и романтиката станаа главни причини за брак. Се појави капитализмот, нагласувајќи го индивидуализмот и менувајќи ја економската динамика. Технолошкиот напредок дополнително го трансформираше општеството, со напредокот во медицината, комуникацијата и секојдневниот живот кои ги преобликуваа семејните интеракции. Денес, стапките на плодност се пониски, а семејствата се осамостојуваат додека се борат со влијанието на технологијата.

Можеме да кажеме дека влијанието на индустријализацијата врз семејствата е повеќеслојно и се протега во современото време. Промените во семејните структури, родовите улоги и практиките на детскиот труд ја поставуваат сцената за модерната семејна динамика и општествените норми. Разбирањето на овие историски промени е од клучно значење за разбирање на пошироките импликации на индустријализацијата врз современиот семеен живот и општествениот развој.

## Семејствата пред индустријализацијата

Пред неодамнешниот интерес за семејната историја широко се верувало и сѐ уште се верува дека појавата на нуклеарните семејства е резултат на индустријализацијата. Семејството пред индустријализацијата, се сметало за проширено семејство коешто се состоело од патријархот, односно најстариот маж, неговата жена, нивните деца, од кои барем едно најчесто било во брак и имало свои деца, воедно во домаќинството веројатно живееле и тетки, чичковци и други роднини. Но, ова иако било вистина за структурата на некои домаќинства во руралните предели,најчесто, барем во Западна Европа, домаќинствата се состоеле од помал број членови, најчесто маж, жена и деца, во зависност од класната распределба и помошта која била потребна во домаќинството, тука во посебен дел живееле и слугите (Laslett, 1977).

Високите нивоа на смртност кај доенчињата и децата до возраст од 15 години, пред 19-ти век, доведувало децата да бидат многу оддалечени со возраста едни од други. За разлика од 19-ти и од 20-ти век каде што децата не се толку драстично одвоени помеѓу возрасните кои ги имаат (Mitterauer & Sieder, 1982). Воедно поради големата веројатност дека детето нема да преживее по својата 15-та година, родителите не се вложувале многу емоционално во своите деца и поради тоа што животниот век бил пократок од 20-ти век, често се случувало родителите да не дочекаат да го видат последното дете како полнолетно. Па така, фазата на „празно гнездо“, односно годините што брачната двојка ги поминува заедно откако последното дете ќе замине од дома, била типично кратка, за повеќето луѓе и непостоечка (Glick, 1989).

Повеќето семејства во овој период биле помали бидејќи животниот век на луѓето бил многу низок и ретко се случувало домаќинството да биде

составено од три или од повеќе генерации, воедно и бидејќи најстариот син секогаш го наследувал имотот и материјалните средства кои ги поседува семејството, останатите браќа и сестри го напуштале домот кога се венчале и наоѓале работа надвор од домаќинството. Живеењето во пошироки семејства било познато повеќе за семејствата во руралните предели каде што раѓањето на деца се случувало во порана возраст кај жената. Кај домаќинствата кои имале структура на пошироко семејство, кога најстариот син се женел, таткото се „пензионирал“ и го префрлал управувањето на фармата на синот, но повторно помагал во работата(Berkner, 1972).

Прединдустриското домаќинство било производствена единица, а големината на домаќинството била одредена од потребата за работна сила. Кога децата биле мали, во домаќинството имало слуги кои помагале, тоа често биле деца и млади од други домаќинства, но како што децата растеле и развивале способност за работа, така бројот на слуги се намалувал. Доколку домаќинството имало обезбедено доволно работна сила, често испраќало од вишокот детски труд по други домаќинства.

Но, за време на првата половина на Индустриската револуција, поголемиот број на луѓе кои мигрирале во поголемите градови, живееле во услови кои биле помалку од идеални.

Владата во Англија поставила таканаречени „сиромашни куќи“, кои биле дизајнирани со лоши услови за живеење, со цел семејствата да се оддалечат од потпирање на владината помош. Поради дизајнот на овие куќи, честопати било тешко за поголемите, пошироки семејства да најдат доволно простор за спиење, како и за извршување на нивните секојдневни активности, бидејќи во една ваква куќа се сместувале повеќе семејства со цел да плаќаат помала кирија. Семејствата пред Индустриската револуција претставувале заедници со производство на месо, млечни производи, со развиена агрокултура и производство на земјоделски производи итн. Работата и домашниот живот се преклопувале, покрај работата на родителите на фармата, децата уживале во различни игри, придонесувале во работата на фарма и учеле различни вештини од своите родители. Поради големото време поминато во домот и на фармата, родителите и децата поминувате време заедно како семејство, и си помагале меѓусебно во извршувањето на обврските, одгледувале мали фарми, се занимавале со градинарство и често ткаеле. Семејствата живееле со свое темпо, работеле од 8 до 10 часа во текот на денот, имале можност да ги изберат своите работни денови и часови и живееле во услови со доволна удобност која самите си ја правеле(Laslett, 1977).

## Влијанието на индустријализацијата врз семејствата

Меѓутоа со развојот на индустријата семејството како заедница доживува огромни промени. Пред сè како најголема промена може да ја истакнеме промената во домашниот и во работниот живот, тука се напра-

вило едно големо одвојување на домашната и работната сфера. Поради индустријализацијата, темпото на живеење целосно се менува во домаќинството, семејството повеќе не може да се потпира на ткаењето како можност за приход, децата не можеле да помагаат многу на фармата и во домот, од нив се очекувало да одат на работа во фабрики заедно со нивните родители, и биле многу барани за работа во фабрики, бидејќи децата биле многу помали и можеле лесно да работат во мали простори и воедно биле малку платени, дури до 10 пати помалку од мажите кои работеле во фабриките. Од свои 8 години децата оделе да работат во фабрики и во рудници и работеле по минимум 12 часа во денот. Работниците во фабриките работеле по 14 часа на ден, многу често се случувало да работат и повеќе, имало работници кои работеле од 3 часот наутро до 10 часот навечер. Индустријализацијата многу влијаела врз традиционалниот тип на односи помеѓу различните генерации во семејството, таткото повеќе не го пренесувал своето знаење и занает толку на децата, бидејќи поради работата во фабрика сето тоа изгледало беспотребно, воедно слободното време и времето поминато со семејството било многу намалено. Во периодите кога таткото бил невработен, иако ова ретко се случувало, улогите на членовите во семејството драстично се променувале, децата работеле во фабрика и во рудник иноселе приход во домаќинството, додека мажот барал работа и помагал во извршувањето на домашните работи. За време на индустријализацијата и улогата на жената исто така се менува со индустриската економија, немажените жени оделе да работат во фабрика или во рудник, но по стапување во брак жената ги преземала сите обврски во домот и на фармата, меѓутоа често се случувало некои жени да продолжат да работат во фабриките, дури и по 16 часа во денот, со цел да имаат доволно приход за живот. Индустриската револуција довела до зголемување на бројот на новороденчиња, поради потребата за детска работна сила. Семејствата од пониските класи имале дури и по 10 деца, но бебињата додека биле мали ги носеле кај доилка, додека родителите биле на работа. Во Франција репортите за хигиена ги обвинувале мајките за морталитетот на новороденчињата бидејќи не ги доеле лично своите деца, туку оделе на работа.(Fuchs, 1994). Имало жени кои работеле во фабрики и во рудници и додека биле бремени, а имало и случаи каде што жените се пораѓале во рудниците каде што работеле, ова придонесувало до голем број на смртни случаи кај жени и новороденчиња. Работните услови во фабриките и рудниците биле ужасни за време на Индустриската револуција, долгите работни часови, неискусноста, недостатокот на светлина, заморот и работата во тесни простори довеле до голем број на повреди и смрт кај работниците, особено кај децата. Често се случувало дел од телото, како што се рацете или нозете, да се заглави во големите машини, што резултирало до страшни повреди, често и до смрт. Од друга страна пак поради, нехигиената, загадените честички, гасовите и прашината којашто ја дишеле работниците на работните места, се случувало оштетување на белите дробови и болест кои често

резултирале со смртни случаи. Во секој случај целокупниот квалитет на животот на семејствата од пониската класа доживува негативни промени поради Индустриската револуција.На крајот од 19-ти век може да забележиме дека средната класа се издвојува многу повеќеод пониската, односно од работничката класа. Пред Индустриската револуција средната инискaта класа имале многу сличности во начинот на живеење, само семејствата одповисоката класа премногу се издвојувале, но со Индустриската револуција се издвојувасредната класа од ниската класа. Луѓето од средната класа имале тенденција да работат какопродавачи, на шалтери во банка, како агенти за осигурување, сметководители, менаџери,лекари, адвокати, наставници и др. Овие работни места биле окупирани од мажи, додекажените биле домаќинки и ги извршувале обврските во домот, ги чувале децата и се грижелеза фармата, често се случувало семејствата од средната класа да ангажираат слугинка којаповремено ќе ѝ помага на жената во домот. Мажите не морале да работат толку долгичасови, тие работеле од 8 до 12 часа во денот, ова им овозможувало да поминуваат повеќевреме во домот со децата и со сопругата. Децата од средната класа многу често немало потребада работат и оделе на училиште преку ден каде што учеле како да пишуваат и читаат,машките деца потоа можеле да завршат и високо образование. Сепак и кај средната класаможе да забележиме дека веќе работата е одделена од домот. Домот било место каде шточленовите на семејството се чувствуваат безбедно и добиваат емоционална поддршка.Жените од средната класа биле емоционално посветени и приврзани за своите деца,зголемената хигиена во домот и намалената детска работна сила на фармата, придонеле донамалување на стапката на смртност кај децата, па затоа жените почнувале да имаат ипомалку деца. Честа причина за раѓањето на помалку деца било и тоа што семејствата неможеле да си дозволат да ги испратат сите свои деца на училиште.Влијанието на индустријализацијата врз статусот на жената покрај промените коишто ги донела со својот развој во општествотои во семејството, таа исто така отворила можности за големи промени во јавната сфера во однос направата на жената, благодарение на влијанието на феминистичкото движење. Но, правата за еднаквост кои се постигнати до денес иако се стапени во важност, сѐ уште во одреденисектори може да забележиме дека има потчинување на жената и нееднаквост кај родовитеулоги.Иако право на високо образование имале само мажите до развојот на индустрискотоопштество, во периодот од 19-ти до 20-ти век се отворале можности за високо образование ина жената. Од 1868 година, жената за прв пат имала право и на високо образование воБританија, со тоа што жените немале право за добивање диплома, туку добивале самосертификат за познавање на предадениот материјал, дури 20 години подоцна, кон крајот на19-ти и во почетокот на 20-ти век жената почнала да добива право за поседување диплома зазавршено високо образование. Во Америка жената стекнала право на високо образованиево 1835 година, но поради стравот дека жената ќе ја изгуби својата женственост

со стекнување на високо образование, жените имале право да посетуваат само факултети,односно колеџи за жени кои биле далеку помали и со многу контролирана средина, од 1836до 1930 година, се отвориле повеќе од 70 вакви факултети за жени. Во Франција, женатаимала право да заврши високо образование од 1884 година, во Германија имала право нависоко образование од 1900 година, а до крајот на 20-ти век речиси во сите земји во светотженената имала право на високо образование. Првата земја која официјално ѝ дозволила нажената право за високо образование со признаена диплома и посетување на универзитетбила Шведска во 1873 година, додека последна земја е Саудиска Арабија, која дури во 2005година ѝ овозможила на жената право за високо образование(Charles & Lorna Duffin, 2013).

## Структурата на домаќинството

Од периодот пред развојот на индустријата до денес има значителни промени во составот иструктурата на домаќинството. Во прединдустрискиот период, домаќинството најчесто сесостоело од проширени и нуклеарни семејства, додека денес има различни типови надомаќинства кои може да се состојат од: проширени семејства (поширока фамилија),нуклеарни семејства (родители и деца), реконструирани семејства (развод или загуба народител), семејства со самохран родител, вонбрачни семејства, згрижувачки семејства итн.Промената особено може да се увиди во односот на моделите на формирање на семејството,при што традиционалните граници, начини и структури стануваат сѐ понејасни и помалкукористени. Просечната возраст на која луѓето стапуваат во брак стана значително поголема,бидејќи сѐ поголем дел од младите луѓе го започнуваат својот возрасен живот со живеењесами, со заеднички живот со партнер или со цимери, наместо да го напуштаат родителскиотдом кога се подготвени да се венчаат и да основаат семејство.Во последните декади на 19-ти век големината и структурата на домаќинството доживуваголеми промени, и овој период претставувал воздигнување на„примарната индивидуа" и развој на идеалот за индивидуализам(Popenoe, 1988). Според Popenoe, овојпериод претставувал издигнување на самечките домаќинства.Самечките домаќинства во почетоците на 20-ти век биле многу ретки и не се обрнуваломногу внимание на овие домаќинства, поради тоа немаме докази или статистики во којамера биле присутни, но во извештаите на Обединетите нации, може да забележимедека во 1950 година во јужна Германија 21,61 % од домаќинствата биле составени одпримарна индивидуа, а во западна Германија биле 19,39 %, додека во Америка во 1960година биле 13,1 %, во Јапонија 16,51 % од домаќинствата биле составени од примарнаиндивидуа. Може да забележиме дека бројките на домаќинства со примарна индивидуасамо се зголемуваат со текот на времето. Во 1993 година во Гана биле 24,32 %, во 1995година во Јапонија биле 25,60 %, истата година во Израел биле 19,66 %, во 1996 година воНов Зеланд биле 20,23 %, додека во Австралија

биле 22,10 %. Во 2010 година во Данскапроцентот на домаќинства составени од еден човек е највисок со 46,20 %, потоа Норвешкаи Шведска со 41,10 %, Германија со 39,80 %, Финска со 39,50 %, Холандија со 36,10 %,Јапонија со 32,38 %, Америка со 26,75 %, Нов Зеланд со 23,02 % итн.Меѓутоа податоците од последните направени истражувања ни укажуваат дека бројот надомаќинства составени од еден човек постојано се зголемува. Во земјите од северна Европаможеме да забележиме најголем број на вакви домаќинства, во 2017 година во Норвешка биле47 %, во 2018 година во Данска биле 44,10 % и во Финска со 43 %. Од земјите на територијатана средна Европа со најголем број се издвојува Германија со 41,70 %, потоа Швајцарија со38,10 % и Австрија со 37,20 %, од земјите во западна Европа со најголем број е Холандија,односно со 38,30 %, потоа е Франција со 36,20 %. Во пределот на источна Европа, Естонијасе извојува со 40,30 %, потоа Литванија со 37,70 %. Во јужниот дел на Европа, со најголемброј на домаќинства составени од еден човек, се издвојува Бугарија со 33,30 %, потоаИталија со 32,60 %, Словенија со 29,60 %, Шпанија и Грција во 25,50 %, Хрватска во 24,40 % (United Nations, 2022).

Во Азија како земја со најголем број на домаќинства составени од еден човек, се издвојува Јапонија со 34,53 %, во Африка се издвојува Боцвана со 27,89 %, во Јужна Америка со најголем број, односно 23,52 % е Уругвај, во Америка 27,6 % од домаќинстватасе состојат од еден човек, додека во Австралија се 24,99 %.Трендот за човек да живее сам пред развојот на индустријата бил непостоечки, но денесможе да забележиме дека бројот на самечки домаќинства е значително голем. Во повеќетоземји, бројот на домаќинствата во кои живее само едно, лице се зголемува со возраста и со приходот. Постарите луѓе, на возраст над 64 години имаат поголема веројатност да живеатсами - од 13 % во Мексико до 46 % во Данска, додека од лицата на возраст од 50 до 64 годинипроцентот варира од 6 % во Мексико до 28 % во Германија.Во меѓувреме, бројот надомаќинствата со лице на возраст меѓу 30-49-годишна возраст се движи од 3 % во Мексикодо 24 % во Норвешка. Во 31 земја, помалку од 10 % од младите на возраст од 15 до 29 годиниживеат сами. Меѓутоа, тоа не е случај во северните земји и во Холандија, каде што од 20 % до30 % од младите на возраст до 29 години живеат сами. Во 2022 година, во Европска Унија се регистрирани околу 198 милиони домаќинства, со 2,3члена во просек по домаќинство. Во 2016 година, речиси две третини од сите домаќинстваво ЕУ биле составени од едно или од две лица. Самечките домаќинства имаатудел од 32,5 % и домаќинствата со двелица со 31,2 %. Поголемитедомаќинства се поретки и учествуваа сонамален удел: речиси една шестина односно 16,3 % од домаќинствата се составени од три лица, 13,6 % од домаќинствата се составени од четири лица, додекадомаќинствата со повеќе од четири лица се релативно ретки, бројот на домаќинства со петлица е 4,4 % од вкупниот број и оние домаќинства со шест или повеќе лица е 2,0 %.Во анализата на структурата на домаќинствата во Европска Унија од 2009 и 2022 година.Може да забележиме пораст на

домаќинствата составени од самохран родителсо едно или со повеќе деца, во 2009 годинаимало 2,5 милиони домаќинства составениод самохран родител со едно или со повеќе деца, додека во 2022 бројката на овиедомаќинства се зголемила на 6,2 милиони. Кај домаќинствата составени од едновозрасно лице, може да забележиме пораст од 16,9 милиони во 2022 година. Можеме да забележиме намалување на бројката на домаќинства составени однуклеарни семејства со едно или со повеќе деца, додека пак има зголемување надомаќинствата составени од двојка, односно партнери без деца. Кај другите типови на домаќинство, како проширено домаќинство, од 2009 до 2022 година, може да видиме севкупно намалување на ваквиот типна домаќинство и со едно или со повеќе деца и без деца(UN, national statistical agencies, OECD, Deutschland in Daten, 2019).

**Брак и развод**

Стапувањето во брак и основањето на семејство денес е далеку поразлично за разлика одпрединдустрискиот период. Браковите денес се склучуваат поради меѓусебната љубов којаја имаат партнерите и при склучување на брак се обрнува големо внимание наиндивидуалните потреби и желби кај партнерите. Во истражување направено од Организацијата за економска соработка и развој или ОЕЦДможе да забележиме намалување на стапката на бракови во изминатите 50 години. Стапкитена бракови значително се разликуваат во земјите на ОЕЦД. Во некои земји (вклучувајќи гиИрска, Италија, Португалија и Шпанија) стапките на бракови се многу ниски, во 2020година  стапката на брак била помала од 2 бракови на 1.000 луѓе. Во други земји (какоУнгарија, Латвија, Литванија и Турција), стапките се од 3 до 6 бракови на 1.000 луѓе. Вoповеќето земји на ОЕЦД, стапката на брак е некаде помеѓу 2,5 и 5 бракови на 1.000, при штопросекот на ОЕЦД изнесува 3,7 бракови на 1.000 луѓе.Во просек во 32 земји на ОЕЦД за кои се достапни податоци,стапките на бракови паднаа за 20 % во 2020 година. Најголемо намалување се појавува воИрска, Италија, Португалија и Шпанија за околу 50 %, во Австралија и во Франција сенамалиле околу 30 % и само околу 10 % во Германија, Јапонија и Кореја. Може да се заклучи дека стапката на браковие намалена во сите земји во светот во текот на изминатите неколку децении. Во 1970 година,повеќето земји на ОЕЦД имале стапка на брак од некаде помеѓу 7 и 10 бракови на 1.000 луѓе.До 1995 година, во повеќето земји на ОЕЦД, стапката на брак опадна на околу 5 до 7бракови на 1.000 луѓе. Стапката на бракови е значително помала во однос на стапката на бракови вопрединдустрискиот период, каде што од 70 % до 80 % од населението стапувало вобрак(OECD Family Database , 2022).

Разводот во денешно време е многу поактуелен за разлика од прединдустрискиот период.Бидејќи во бракот се обрнува големо влијание на личните потреби и на задоволството кајпартнерите, додека и правната постапка за развод е далеку подостапна за разлика вопрединдустрискиот

период.Во 2020 година, стапката на разводи значително се разликуваа во различни земји - од 0,7разводи на 1.000 луѓе во Ирска и во Мексико до 2,7 на 1.000 во Данска, Латвија и во Литванија. Во изминатите децении, опаѓачките стапки на бракови биле придружени созголемување на стапките на разводи. (OECD Family Database , 2022).

Неколку студии кои директно ги испитуваат ретроспективните извештаи за причините заразвод издвојуваат различни причини. Во примерокот на родители кои се разведуваат,Хокинс, Вилоби и Доерти (2012) откриле дека најпотврдените причини за развод од листатана можни избори се раздвојувањето на партнерите на различни патишта со (55 %),неможноста да разговараат, односно да остварат квалитетна комуникација (53 %) и какобрачниот другар постапувал со пари (40 %). (Howkins, et al., 2012). Амато и Превити (2003) откриле дека кога одразведените поединци отворено се барало да ги дадат своите причини за развод,најнаведените причини биле неверството (21,6 %), некомпатибилноста (19,2 %) и пиењетоили употребата на дрога (10,6 %).Друго нивно истражување покажало дека најчестите причини за развод се недостаток на посветеност во бракот (85 %),премногу конфликти или расправии (61 %) и/или неверство или вонбрачни афери (58 %)Меѓународните студии открија дека најчестите причини за разводот се: стапувањето во браккога партнерите се премногу млади (45,1 %), проблеми во комуникацијата (57,7 %),насилството (23,5 %), финансиските проблеми (36,7 %), недостатокот на поддршка одпоширокото семејство (17,3 %), употреба на дрога и алкохол (34,6 %), верски разлики инеобразованоста кај партнерот (13,3 %), здравствени проблеми (18,2 %), недостаток наљубов и неверство (59,6 %) и недостаток на посветеност во бракот (75 %)(Amato & Previti, 2003).

Околу половинаод браковите во светот завршуваат во развод и кај сите истражувања за разводот имаконзистенција, односно поклопување на проблеми во бракот кои ги сочинувааткомуникацијата, некомпатибилноста и недоволна посветеност кај еден од партнерите, штодоведуваат до покренување на постапка за развод.Во изминатиов век трендот за разводи се зголеми драстично, но како што забележуваметрендот за воопшто стапување во брак опаѓа, денес сѐ поактуелно е живеењето вовонбрачни заедници и една четвртина од домаќинствата во светот се состојат од вонбрачнизаедници, додека според Евростат (2018) 42 % од децата се родени надвор од брачна заедница.

**Растот на населението и фертилитетот**

Со промените кај животниот век на човекот имаме огромен пораст на населението во светот. Во 17-ти век се претпоставува дека имало население од околу 500 милиони луѓе во светот, додека денес има население од околу 8,1 милијарди луѓе.

Порастот на населението и на животниот век кај човекот имаат значително позитивно, но инегативно влијание врз различни аспекти на општествата во светот. Големиот број на луѓепретставува голема потрошувачка моќ, што од една страна е позитивно влијание врзиндустријализацискиот профит, но од друга страна претставува предизвик заопштествените и за здравствените системи. Се појавува значително зголемена потреба заздравствени и за социјални услуги, зголемена потреба за основни ресурси како храна, вода иенергија, а ова доведува до претерано искористување на природните ресурси и дегредацијана животната средина. Растот на градовите и урбанизацијата, притисокот за свое земјиштеи станбен простор влијае врз урбанистичкото планирање и инфраструктурата, додека пакбарањето на подобри услови за живеење и работа предизвикува миграции на населението,што резултира со директно влијание врз стабилноста на регионите и на државите.По зголемениот напредок во здравството и зголемувањето на животниот век кај човекот сезабележани големи промени во демографските структури на населението, со зголемувањетона бројот на постарите лица во светот се создава голем предизвик за потреба на пензии,здравствени и социјални услуги, воедно се зголемени потребите за евтина работна сила ипотребите за механизација, како и роботика за поефикасно и побрзо производство напотребните ресурси за живот кај луѓето. Очекувањата за образование и адаптирање надинамичните промени во напредокот на технологијата, предизвикуваат подолго работењево текот на животот кај човекот, континуирано обучување и преквалификација за работнитепозиции. Јапонија е една од земјите којашто се соочува со огромен проблем поврзан соживотниот век на човекот. Таканаречена како „hyper-aged“ држава, каде што во моментов21 % од населението се состои од луѓе постари од 65 години, додека се верува дека до 2050година оваа возрасна група ќе достигне до 40 % од севкупното население(Coulmas, 2007). Ова претставуваголем проблем кој придонесува за зголемување на таксите во државата, со цел да се овозможатпензиски примања, се зголемуваат и трошоците за одржување на стандардот на живот, шторезултира со подоцно иселување од домот, намалување на стапките за брак и намалувањена фертилитетот во државата. Во Јапонија 60 % од немажените мажи и 80 % од немаженитежени на возраст од 24 до 30 години сè уште живеат со своите родители(Yamada, 2003).

Со истиот демографски проблем се соочуваат и многу други држави како што се Италија со23 %, Финска, Португалија и Грција со околу 22 %, во Хрватска, Малта, Португалија, Србија,Словенија и Шпанија, околу 21 % од населението е на возраст од 65+ години. Во Кина проблемот со зголемување на населението почна да се решава со кампањата„Подоцна, подолго, помалку“ која во 1973 година доведе до зголемување на возраснатаграница за стапување во брак легално, кај жените старосната граница била 23 години,додека кај мажите била 25 години, воедно се поттикнувало да има од 3 години до 5 години разлика од една до друга бременост. Од

1970 до 1980 година стапката на фертилитетот во Кина се намалила драстично од 6,1 на 2,7 деца по жена. Во 1980 година истата кампања воспостави нови режими со ограничување на едно дете за секој пар, овие режими се почитувале до 2005 година.Кампањата успешно го намалила зголемувањето на населението со намалување на фертилитетот на 1,2 деца по жена, но воедно довела до зголемување на 17,8 % на населението со возраст од 60+ години, до 2050 година се верува дека оваа возрасна група ќе достигне до 40 % од населението во Кина. Најстрашниот демографски предизвик со којшто се соочува светот повеќе не е брзиот раст на населението, туку стареењето на населението. Намалената стапка на фертилитет пролонгирањето за репродукција во земјите придонесува голема разлика во староснатa граница на населението и намалување на процентот на населението со старосна возраст која припаѓа во групата на работоспособни луѓе. Во 17-ти век фертилната стапка изнесувала 6-7 деца по жена, додека во 2015 година на глобално ниво стапката изнесувала просечно 2,3 деца на една жена. Демографските промени предизвикуваат голема одговорност и стратешка подготвеност кај земјите, потребни се комбинирани промени во инфраструктурата, во инвестициите на човековиот капитал, промени во возрасната граница(Chen & Huang, , 2020). Додека во Кина намалувањето на фертилитетот било под директно влијание на владата, во други земји, стапката на фертилитетот е опадната под влијание на различни фактори, како што се економските услови, образованието, развојот на кариера, стандардот на живот, трендот за индивидуално живеење итн. Најниска стапка на фертилитет во моментов имаат Хонгконг и Јужна Кореја со 0,75 и 0,88 деца по жена, во Сингапур, Малта, Украина, Шпанија, Италија, Јапонија, стапката на фертилитет изнесува од 1,02 до 1,3 деца по жена, во Финска, Хрватска, Полска, Канада, Австрија, Русија, Норвешка стапката се движи од 1,39 до 1,50, во Шведска, Данска, Франција, Турција, Индија стапката е од 1,67 до 2,03, додека пределот на централна Африка има најголема стапка на фертилитет, од 3,49 во Габон, до 6,25 во Чад (Gapminder, 2017).

**Заклучок**

Семејството во прединдустрискиот период до денес има поминато низ огромна трансформација со промени која води до создавањето на семејното живеење денес. Во прединдустрискиот период семејството било тоа што ги учело децата на занаети и вештини за справување во општеството, жената била „господарка“ на домот и припаѓала само во приватната сфера, додека мажот припаѓал во јавната сфера, располагал со економиите и со имотите на семејството, претставувал глава на семејството со авторитет кој се почитувал од сите членови, што ни укажува дека во овој период владеел патријархатот во семејството. Воедно во прединдустрискиот период семејството било релативно самодоволна единица која го произведувала најголемиот дел од она што го консумирала. Жените, мажите, децата

и слугите, сите придонесувале во работата во домаќинството со продуктивни задачи кои се разликувале по возраст и по пол.Со почетокот на индустријализацијата, сè повеќе членови на семејството почнале да работат за плата во фабрики и во работилници, жената сè повеќе се појавува во јавната сфера и во текот на времето до денес има достигнато речиси еднакви можности и права како и мажите. Развојот на индустријата довел до раст на капиталистичкиот систем, кој моќта им ја даде на капиталистите кои ги контролираат средствата за производство и капитал. Овој систем ги промени традиционалните системи и вредности на живеење, го разви урбанизмот, доведе до демократски начин на живеење со капиталистички систем на вредности и го издигна на индивидуализмот. Развојот на индустријата со издигнување на технолошкиот развој кој придонесе до промени во производството, економијата, транспортот, медицината итн., доведе до користење на технологијата во секојдневието на човекот. Со развојот на медицината забележавме дека денес е далеку помал морталитетот за разлика од прединдустрискиот период, и е драстично зголемен животниот век на човекот. Воедно увидовме дека денес стапката на фертилитет е помала за разлика од прединдустрискиот период, па и за време на почетоците на индустрискиот периот, ова се појавува и како резултат на зголемениот животен век, но и како резултат на издигнувањето на индивидуализмот. Денес семејното живеење не функционира на оној традиционален начин којшто бил познат за семејството во прединдустрискиот период, децата не учат само од семејството, туку посетуваат воспитно-образовни институции, учат и преку технологијата, односно преку интернет. Исто така во семејството денес сè помалку се користи авторитативен начин на воспитување, се акцентира на тоа да се користи авторитарен начин воспитување на децата, со што се обрнува внимание на желбата, чувствата и мислите на сите членови на семејството, вклучувајќи ги и децата, се гледа да се создаваат повеќе можности за развој на независност и индивидуалност. Но, живеењето заедно со технологијата во секојдневието, и трендот за седење пред екран прекумерно, има многу негативни последици и е важно семејството да влијае повеќе за умерено користење на технологијата и да поттикнува градење на здрави навики за квалитетен физички, психички, емоционален и социјален развој кај лицата. Сепак, и во прединдустрискиот период и денес, семејствата се многу важни за социјализацијата и за поддршката на нивните членови, истовремено еволуирајќи и приспособувајќи се на промените во опкружувањето. Стремењето за креирање на семејни врски, поддршка и љубов се зачувани преку генерации, при што семејниот живот останува еден од најважните аспекти на човековиот живот во сите епохи.

**БИБЛИОГРАФИЈА:**


- Amato, P. & Previti, D., 2003. People's reasons for divorcing: Gender, social class, the life course, and adjustment.. *Journal of Family Issues,* 24(5).
- Berkner, L. K., 1972. The Stem Family and the Developmental Cycle of the Peasant Household: An Eighteenth Century Austrian Example. *American Historical Review,* 77(2).
- Charles, L. & Lorna Duffin, 2013. *Woman and Work in Pre-Industrial England.* s.l.:Routledge.
- Chen, Y. & Huang, , Y., 2020. The power of the government: China's Family Planning Leading Group and the fertility decline of the 1970s. *Journal of Demografic Research,* 42(35).
- Coulmas, F., 2007. *Population Decline and Ageing in Japan - The Social Consequences.* 1st ed. London: Routledge.
- Fuchs, R. G., 1994. Poor and Pregnant in Paris: Strategies for Survival in the Nineteenth Century. *Journal of Social History,* 27(3).
- Gapminder, 2017. *Fertility rate: children per woman,* s.l.: Our World in Data.
- Glick, P. C., 1989. The Family Life Cycle and Socila Change. *Journal of Marriage and Family,* 38(2).
- Howkins, A. J., Willoughby, B. J. & Doherty, W. J., 2012. Reasons for Divorce and Opennes for Reconciliation. *Journal of Divorce and Remarriage,* 53(6).
- Laslett, P., 1977. Characteristics of the Western Family Considered Over Time. *Journal of Family history,* 2(2).
- Mitterauer, M. & Sieder, R., 1982. *Historische Famili- enforschung.* s.l.:Suhrcamp.
- OECD Family Database , 2022. *Marriage and Divorce rates,* s.l.: OECD.
- Popenoe, D., 1988. *Disturbing the Nest- Family Change and Decline in Modern Society.* s.l.:Adine Transaction.
- UN, national statistical agencies, OECD, Deutschland in Daten, 2019. *Percentage of One Person Housholds 1960-2018,* s.l.: Unated Nations.
- United Nations, 2022. *Houshold Size and Composition,* s.l.: United Nations.
- Yamada, M., 2003. Parasaito Shinguru no Jidai (The Era of Parasite Singles). *Social Science Japan Journa,* 6(2).